РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЛОЗОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 0901-890/1
07.06 2024 год.
ЛОЗОВО

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/02), а во согласност со Програмата за активностите на Општина Лозово во областа на Културата за 2024 година бр.0801-1974/1 од 11.12.2023 година донесена од Советот на Општина Лозово и Одлука за распишување на јавен повик за финансирање на програми од областа на културата (играорно друштво) бр.0801-833/1 од 23.05.2024 година донесена од Советот на Општина Лозово, Градоначалникот на Општина Лозово распишува:

# ЈАВЕН ПОВИК

**за прибирање барања за користење средства од Буџетот на Општина Лозово за 2024 година, наменети за финансирање на програми, проекти и активности на Фолклорни ансамбли / Културно уметнички друштва во Општина Лозово за 2024 година**

1. Предмет на јавниот повик е финансирање на програми, проекти и активности на Фолклорни ансамбли / Културно уметнички друштва во Општина Лозово за 2024 година
2. Право да учествуваат на јавниот повик имаат здруженија кои спроведуваат актнивности во делот на Фолклорни ансамбли / Културно уметнички друштва и се со регистрирано седиште на територија на Општина Лозово.
3. Пријавите, треба да се достават до Општина Лозово, преку пошта на адреса: ул.Маршал Тито бб 2208 Лозово, или во архивата на Општина Лозово, најдоцна до 15:30 часот на последниот ден од завршувањето на Јавниот повик (14.06.2024 година), со назнака Јавен повик за прибирање барања за прибирање барања за користење средства од Буџетот на Општина Лозово за 2024 година, наменети за финансирање на програми, проекти и активности на Фолклорни ансамбли / Културно уметнички друштва во Општина Лозово за 2024 година
4. Пријавите (апликациите) може да се подигнат од архивата на Општина Лозово
5. Во прилог на пријавата, барателите се должни да ја обезбедат и следнава документација:

- Документ за регистрирана дејност на подрачјето на Општина Лозово издаден од Централен регистар на Република Македонија во тековната 2024 година (не постар од 6 месеци);
- Потврда за отворена и активна жиро сметка (не постара од 6 месеци);
- Програма за реализирање на активности

6. Средствата за финансирање на програмите, проектите и активностите на барателите се предвидени со Буџетот на Општина Лозово за 2024 година.
7. Јавниот повик трае 7(седум) календарски денови од денот на објавувањето
8. Градоначалникот на Општина Лозово ќе донесе Решение за финансирање на програми, проекти и активности на Фолклорни ансамбли / Културно уметнички друштва во Општина Лозово за 2024 година со кое ќе ги распореди финансиските средства по корисници.

Детални информации можат да се добијат во Општина Лозово, контакт телефон 032/458-458.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА ЛОЗОВО

**ОПШТИНА ЛОЗОВО**
**Градоначалник**

**Бошко Цветковски**